# МОНИТОРИНГ *извештај*
## ЗА РАБОТАТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РСМ

## Извештај број 4

(период на известување:
мај - август 2019 година)

Скопје, 2019

АКЦИЈА ЗА ПОГОЛЕМА транспарентност, отчетност и ефективност на СУДСКИОТ СОВЕТ НА РМ

Институт за човекови права

**Проект:**
**Акција за поголема транспарентност, отчетност и ефективност на Судскиот совет на РМ**

**Имплементатор:**
Институт за човекови права

British Embassy Skopje

Funded by UK Government

Оваа публикација е подготвена во рамки на проектот „Акција за поголема транспарентност, отчетност и ефективност на Судскиот совет на РСМ“, финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.

# МОНИТОРИНГ-ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РСМ

## Вовед

Мониторинг - извештајот за работата на Судскиот совет, во период од мај до август 2019 година е изработен во рамки на проектот *„Акција за поголема транспарентност, отчетност и ефективност на Судскиот совет“*[1], за мерење на транпарентноста, отчетноста и ефективноста на Судскиот совет.

Институтот за човекови права има за цел полесно и посеопфатно да ги оцени транспарентноста, отчетноста и ефективноста во работењето на Судскиот совет, преку присуство на јавни седници, следење на веб-страницата на Судскиот совет и преку слободен пристап на информации од јавен карактер.

# ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА СУДСКИОТ СОВЕТ

## Транспарентност преку отворени седници на Судскиот совет

| | Мај | Јуни | Јули | Август |
|---|---|---|---|---|
| **Одржани седници** | **3** | **3** | **3** | **1** |

## Видови објави

| **Транспарентност преку веб страницата на Судскиот совет** | |
|---|---|
| **ВИД НА ОБЈАВА** | **Соопштение** |
| НАВРЕМЕНОСТ | Навремено |
| ЦЕЛОСНОСТ | Делумно |



ЗАБЕЛЕШКА

Се‘ уште не е сменет форматот на објавување на известувањата за закажаните седници како и известувањата од одржаните седници. Соопштенијата за одржаните седници се насловени како „Соопштение за седница...“ или „Соопштение од седница...“ со број и датум на седницата што делува збунувачки за граѓани кои не ја користат секојдневно веб страната на Судскиот совет.

**Како позитивна промена е подеталното објаснување и разграничување на точките од дневниот ред кои биле усвоени на седниците, за разлика од претходниот период.**

1 http://www.ihr.org.mk/project.php?pid=357

| ВИД НА ОБЈАВА | Одлуки |
|---|---|
| НАВРЕМЕНО | Ненавремено |
| ЦЕЛОСНОСТ | Делумно |



ЗАБЕЛЕШКА

Одлуките кои се донесени во овој период, не се објавени во делот „Одлуки“, **а единствената одлука за разрешување на судија, која е објавена, не може да се отвори.**

Се‘ уште не се објавени одлуките за запирање и отфрлање на постапки за одговорност на судија или претседател на суд, а покрај тоа што седниците не се јавни, одлуките од гласањето се јавни, што претставува законска обврска. Иако овие одлуки можеби не се правосилни, сепак можат да бидат објавени анонимизирано, со цел јавноста да биде запознаена со образложението за запирање или отфрлање на постапките, имајќи предвид дека одлуката би требало да е јавно донесена.

| ВИД НА ОБЈАВА | Записници |
|---|---|
| НАВРЕМЕНО | Делумно навремено |
| ЦЕЛОСНОСТ | Целосно |



ЗАБЕЛЕШКА

Записниците од седниците се објавуват на веб страницата. Оваа обврска е предвидена со закон. Објавувањето на записниците временски е поврзано со усвојувањето на истите на седницата на ССРСМ, а тоа може да биде и по неколку недели од седницата за која се однесува записникот.

**Се забележува понавремено и поредовно усвојување на записниците и нивно објавување**.

| ВИД НА ОБЈАВА | Извештаи |
|---|---|
| НАВРЕМЕНО | Делумно навремено |
| ЦЕЛОСНОСТ | Целосно |



ЗАБЕЛЕШКА

Кварталните извештаи за работа на судовите се објавуваат, но не се достапни во делот резервиран за „квартални извештаи“.

| ВИД НА ОБЈАВА | Останати документи |
|---|---|
| НАВРЕМЕНО | Делумно навремено |
| ЦЕЛОСНОСТ | Целосно |



ЗАБЕЛЕШКА

Годишен распоред за работа за 2019 не е објавен.

Иако постојат скратени влезови за документи, како на пример годишни извештаи, квартални извештаи за судовите, информации за јавност итн. сепак овие табови не водат до документите кои или не постојат или се наоѓаат во делот „новости“. Потребно е техничко поврзување на линковите за да се олесни користењето на веб страната.

## Квалитет на информации

Соопштенијата за јавност содржат информации за точките на дневен ред и која точка од дневниот ред ќе биде затворена за јавност. Точките од дневниот ред кои се однесуваат за утврдување на одговорност на судија и претседател на суд, во изминатиот период, се подетални од претходно, со тоа што се одделени и во зависност дали станува збор за постапување по барањата за утврдување на одговорност на судија (со бројка), расправа по извештаите на комисиите за утврдување на одговорност на судија/претседател на суд и слично. Овие седници се тајни, поради заштита на интегритетот на судијата. Сепак, во насока на враќање на довербата во судството, **Судскиот совет треба да објавува анонимизирани образложени одлуки за постапките од кои би можела да се утврди објективноста и независноста во одлучувањето.**

Записниците од седници се детални и нивното објавување е законска обврска. Сепак, за полесно и побрзо информирање на јавноста со одлуките од седниците, **соопштенијата за јавност треба да бидат подетални, со повеќе информации, а се‘ со цел да не создаваат забуна**, односно да се избегнат шпекулациите во јавноста.

Судскиот совет формално-правно ја подобри транспарентноста во своето работење. Ова делумно е последица на законските измени кои предвидуваат обврска за објавување на документите на Судскиот совет. Сепак потребна е суштинска транспарентност и образложеност при носењето на одлуките. Не е доволно да се цитираат законските одредби за заштита на личноста на судијата.

## Известувања за пошироката јавност

Иако постои посебен дел на веб страницата „Информации за јавност“, **сепак, во овој дел Судскиот совет не објавува информации.** За активностите на претседателот и членовите на Судскиот совет може да се дознае од соопштенијата што се објавуваат на веб-страницата.
Медиумите, во континуитет и транспарентно ја следеа работата на Судскиот совет во изминатиот период, а воедно и седниците на Судскиот совет на РСМ имаа медиумска покриеност во доволна мера. Новиот претседател на Судскиот совет дава изјава за медиуми пред секоја седница на Советот и до сега не одбил да одговори на новинарско прашање.

# II. ОТЧЕТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА СУДСКИОТ СОВЕТ

## Годишен извештај за работата на Судскиот совет

Судскиот совет навремено го усвои **Годишниот извештај за работата за 2018 година** и го достави до Собранието на разгледување и усвојување.
**Собранието се‘ уште не го разгледало извештајот.**

# III. ЕФЕКТИВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА СУДСКИОТ СОВЕТ

## Избор на судии и претседатели на судови: мај - август 2019 година

**Во периодот на известувањево Судскиот совет не изврши избор на судии.**

Беше донесена одлука за повторно објавување оглас за избор на претседател на Основиот суд Неготино и објави оглас за избор на претседател на Виш управен суд.

Огласите за избор се објавени на 22 мај, неколку дена пред стапување во сила на новиот Закон за судови.

**До сега се‘ уште не се избрани претседателите на судови, иако огласите за избор на истите се објавени уште во февруари.**

## Избор на нов член на Судскиот совет

По завршување на мандатот на членот на Судски совет Беким Реџепи (избран како истакнат правник), Собранието го избра Миљазим Мустафа за нов член на Судскиот совет, по предлог на претседателот на државава.
**Судскиот совет не објави соопштение со биографија за новиот член на Советот**. Биографијата на Миљазим Мустафа не е достапна ниту на веб страницата во делот „членови на Судскиот совет“, каде што е достапна кратка биографија и слика за останатите членови.

## Усвојување на годишните извештаи за работата на судовите

Во овој период Судскиот совет ги разгледа и ги оцени извештаите за работа на судовите во Република Северна Македонија за првото тромесечие за 2019 година и тоа за: Врховен суд на Република Северна Македонија, Виш управен суд, Управен суд, апелациоско подрачје Скопје, апелациско подрачје Битола, апелациско подрачје Гостивар и апелациско подрачје Штип.

Согласно со статистичките податоци, донесен е заклучок дека **во првото тромесечие од 2019 година поголемиот дел од судовите се оценети како неажурни.**

Проблеми за кои се смета дека влијаат врз ваквата оценка **се недостатокот на судии, зголемениот број предмети во текот на празничниот период и непотполнетоста на работните места со судски службеници.** Се поставува и прашањето околу распределбата на судии, како и обемот на предмети. Даден е предлог ваквите проблеми да бидат разгледани и доколку се утврди дека истите постојат, да бидат изнајдени финансиски средства за нивно соодветно решавање и исполнување на ваквата структура.

Во некои од судовите е посочено дека недостасуваат информатичари, како би можеле непречено да функционираат. Ваков е случајот со ОС Струмица, особено затоа што се работи за суд со проширена надлежност.

Претседателот на Советот се произнесе и наведе дека не е задоволен од функционирањето на судовите, но смета дека е **нужно нивно континуирано следење на работата**. Дополнително, претседателот апелираше до координаторите на судовите интензивно да ја следат работата и воедно истакна дека се надева дека со новата генерација академици ќе се реши проблемот со недостаток на кадри. Но, се провлече и мисла на седниците на Судскиот совет дека постои можност за тактизирање на судовите и судиите околу ажурноста на судот, а во насока на одбегнување на делегирање судии од еден во друг суд, бидејки практика на Судскиот совет е судија од ажурен суд да се делегира, односно да се определи да работи во друг суд кој има недостаток на судии и е неажурен. Се размислува да се сменат критериумите по кои се определува ажурноста на судовите.

Судови оценети како неажурни: Виш Управен Суд, АС Битола, ОС Крушево, ОС Охрид, ОС Прилеп, ОС Ресен, АС Штип, ОС Берово, ОС Виница, ОС Делчево, ОС Кочани, ОС Радовиш, ОС Св. Николе, ОС Струмица, ОС Штип, ВСРМ, ОС Гостивар, ОС Дебар, ОС Тетово, АС Скопје, ОСС 1, ОС Неготино, ОС Велес, ОС Гевгелија, ОС Крива Паланка, ОС Кратово.

Судови оценети како ажурни: Управен Суд, ОС Струга, АС Гостивар, ОСС 2, ОС Кавадарци, ОС Куманово.

## Оценување на судии

Оценувањето на судиите и претседателите на судовите според закон е тајно. Во овој извештаен период се заврши оценувањето на судиите и претседстелите на судовите за 2017/2018 година. **Судскиот совет, во периодот на мониторинг, примил 32 барања за повторно оценување на судии, бидејќи не биле задволни од оценувањето**. Донесени се одлуки по 32 (триесет и две) барања за повторно оценување на судиите. Овие одлуки се донесени на точка од дневен ред која што е затворена за јавноста. Овој процес на оценување на судиите директно влијеше и на изборот на претседатели на судови и судии, согласно со огласите кои беа објавени пред распишувањето на претседателските избори во февруари годинава. Имено, за да се изврши избор на судија или претсеател на суд потребно претходно да се изврши оценување на истите, а овој процес е обемен, бидејки (во овој случај) се вршеше истовремено за сите судии и претседатели на судови.

Со новите законски измени,[2] редовното оценување на судијата и на претседателот на суд се врши еднаш на четири години, заклучно со крајот на јуни во тековната година, за работа на **судот, на** судиите и на претседателот на судот во претходните четири години. Вонредно оценување на работењето на судија и претседател на суд се врши во случај кога судијата конкурира за избор на судија **во друг суд,** во повисок суд, за избор на претседател на суд или за член на Советот. Ако судија или претседател на суд конкурираат за судија на повисок суд или за претседател на суд во тековната година, за претходната година за која се веќе оценети, преку редовното оценување, не се врши нивно вонредно оценување.[3]

## Утврдување одговорност на судија или претседател на суд

Повеќе точки, на повеќе седници одржани од Судскиот совет, беа за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд. Точките за утврдување одговорност на судија и претседател на суд се затворени за јавноста.

- Донесено е едно решение за разрешување на судија, поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција.
- Еден судија е времено одалечен од вршење на функцијата, бидејќи против него обвинителството има поднесено обвинение за местење предмети во АКМИС системот.
- Во овој период Судскиот совет донесе и одлука со која му го одзема имунитетот на судија, заради непречено водење на кривичната постапка, меѓутоа не го одобри барањето за определување на мерката притвор за судијата. Оваа одлука предизвика нејаснотии и реакции од страна на медиумите.

2 Закон за Судски совет на РСМ, Бр. На Службен весник 102/2019 од 22.5.2019 г.

3 Член 74-79, Закон за Судски совет на РСМ, Бр. Службен весник 102/2019 од 22.5.2019 г.

- Формирани се комисии за утврдување одговорност на судија или на претседател на суд за повеќе барања во овој период. Некои од барањата се повлечени од известителот на седница.
- Донесено е решение со кое се запира постапка и одлуки со кои одредени барања се отфрлаат како ненавремени и нецелосни.
- Донесено е решение со кое е запрена постапката за утврдување на одговорност, поради немање основ за одговорност.
- Донесена е одлука со која едно барање за утврдување одговорност на судија е отфрлено како ненавремено и нецелосно.

**Како што најави новиот претседател на Судскиот совет, во периодот мај-август беше покажана поголема активност на членовите на Судскиот совет во насока на расчистување на постарите предмети кои се однесуваат на покренатите барања за одговорност на судија или претседател на суд. Но, за ниту една одлука или решение не е објавена одлука, која анонимизирано Судскиот совет би можело да ја објави, посебно што се работи за стари предмети за кои јавноста покажува особен интерес.**

## Претставки

Во овој период Судскиот совет расправаше и по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите.
Сепак **најголемиот број од нив беа одбиени како неосновани**, бидејќи, според Судскиот совет, подносителите во нив навеле жалбени наводи кои се дел од судските постапки, а мал дел беа повлечени како нецелосни. Голем дел од претставките се одбиваат како неосновани доколку судската постапка е во тек. Во случаите пак кога членовите на Судскиот совет ќе одлучат да приберат дополнителни податоци и да испитаат дополнителни факти за постапувањето на судија или на претседателот на суд врз основа на некоја претставка, тие одлучуваат таа претставка да се разгледува на некоја од наредните седници, но сепак, не секогаш се образложува континуитетот на овие постапки, ниту пак кои дополнителни факти се утврдени за да се донесе соодветна одлука од Судскиот совет.

**При разгледување постапки кои се во жалбена постапка или за кои веќе се произнел повисок суд, Судскиот совет одлучува дека се неосновани, бидејќи Судскиот совет нема право да одлучува по жалбени наводи. Сепак, во овие случаи Судскиот совет не ги цени ниту наводите и доказите за кои не одлучувал повисокиот суд, а кои се наведени во претставката и кои се однесуваат на независноста и непристрасноста на работата на судијата.**

**Со новите законски измени постои можност за поведување постапка за одговорност на судија или претседател на суд, која може да биде поднесена и од граѓаните, па поради тоа се поголем е бројот на поднесени барања за покренување постапки за одговорност на судија или претседател на суд, со што се зголемува и обемот на работа на Судскиот совет.**

## Времено упатување судии

Во периодот на известувањево се извршени неколку времени упатувања кои се резултат на недостаток на судии во некои судови во државава.

Во минатото Судскиот совет редовно упатуваше судии во други судови и најчесто на исти судии им беше продолжувано упатувањето. Со најновите законски измени судија може да биде упатен во друг суд само еднаш во 5 години.

Со упатувањата, во периодот на мониторингов, **Судскиот совет повторно упати исти судии кои веќе биле упатени да судат во друг суд, иако новиот закон е во важење** .

Против одлуката за упатување **еден судија има поднесено приговор, кој беше одбиен од Судскиот совет.** Во образложението на одлуката, донесена од Сускиот совет, членовите се водеа од потребата на граѓаните за остварување на нивните права, при тоа водејки сметка да не се доведе до застој во работата на судот што би довело до зголемен број заостанати предмети.

Треба да се напомене дека одлуката не беше донесена едногласно. Подетално образложение не беше дадено, со оглед на тоа што судот од кој се упатува судијата е поголем суд и има и други судии кои би можеле да бидат упатени.

Новина во законските измени на Закон за судови е можноста од продолжување на мандатот на судиите на кои до сега со закон им беше изречно одредено дека во пензија одат со 64 години, но сега имаат можност да продолжат да работат, согласно со Законот за работни односи до 67 години. **Сите судии кои навремено имаат поднесено изјави за продолжување на мандатот, истиот им се продолжува за една година.**

## Подзаконски акти

Согласно со законските измени Судскиот совет требаше да изготви и да измени подзаконски акти кои до моментот на изготвување на овој извештај не се објавени.

Институтот за човекови права изготви мобилна апликација за следење на работата на Судскиот совет. Апликацијата може да ја преземете БЕСПЛАТНО на Google Play Store и на Apple Store под името „Институции под лупа“. Тука ќе ги најдете сите тековни информации и квартални извештаи изработени во рамките на проектот „Акција за поголема транспарентност, отчетност и ефективност на Судскиот совет на РМ“.